РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17 – 987/2
03. 06 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11) и член 67 од Статутот на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/14 и 11/14), Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
за изразување на интерес и прибирање на барања за користење на средства наменети за организирање и реализирање на манифестација
Ликовна колонија – „Љубанци 2024 година"

1. Распределба на средствата наменети за организација на манфестацијата Ликовна колонија – „Љубанци 2024 година“ се планирани во Буџетот на Општина Бутел за 2024 година, во програмата К4 – Културни манифестации и творештво, ставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации.
2. За организација на манифестацијата од точка 1 вкупно се предвидени 200.000,00 денари.
3. Манифестацијата Ликовна колонија – „Љубанци 2024 година“ ќе се одржи во месец јуни 2024 година, во с.Љубанци.
4. Учесниците (ликовните уметници) во периодот на одржување на ликовната колонија ќе престојуваат во интернатот на ООУ „Гоце Делчев“ од с. Љубанци.
5. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на Ликовната колонија – „Љубанци 2024 година“ требаат да ги исполнат следните критериуми:

   - Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации,
   - Да извршуваат активности од областа на ликовната уметност,
   - Да спроведуваат активности поврзани со ликовната уметност од минимум 1(една) година,
   - Да организираат урамување на уметничките слики и нивна достава до Општина Бутел.

6. Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 5, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

   - Барање за доделување на средства за организација на Ликовната колонија - „Љубанци 2024 година“
   - Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и
   - Предлог програма која ќе вклучува делови активности со предвидените финансиски средства.

7. Здружението на граѓани се обврзува по завршувањето на ликовната колонија за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделнието за јавни дејности.
8. Јавниот повик за избор трае од 03.06.2024 до 07.06.2024 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното Здружение.

Скопје, 03.06.2024 г.

Комисија за прибирање барања
за организирање на Ликовната колонија
„Љубанци – 2024 година“